**ЗАПИСНИК**
**од 7-та седница на Советот**
**одржана на 27.02.2009 година**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефановски, Илир Ајдини, проф. д-р Томе Груевски, Панче Наумов и Фарук Омерагиќ.
**Отсутни:** проф. д-р Али Алиу.
**Присутни од Стручна служба:** Андриана Скерлев-Чакар, Огнен Неделковски, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска и Драгица Љубевска.

Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на Советот, Зоран Стефаноски, кој на почетокот на седницата предложи да се вметнат пет нови точки во Дневниот ред, и тоа: под точката "Разно" да се разгледаат точките "Информација за Барањето на ТРД ТВ Крт, ТРД ТВ Амазон и ТРД ТВ Едо за решавање на Тајм шерингот", "Информација за потребата од изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2009-та година на Советот за радиодифузија на РМ – Пречистен текст бр.05-639/1 од 16.02.2009 година и спроведување постапка за доделување договор за јавна набавка за предметот на набавка - Активна мрежна опрема и опрема за пренос на податоци, со Предлог-Одлука", "Одлука за повторување на постапката за предметот на јавна набавка – услугата за систематски прегледи на вработените во Советот за радиодифузија на РМ", "Активности на Советот за радиодифузија на РМ во врска со мониторингот на локалните и претседателски избори" и "Информација за потребата од набавување: Програма за основни средства за потребите на Секторот за економско-финансиски работи (префрлање од стари бази на нови бази и преработка на програмата за основни средства согласно новите законски измени) (со Предлог-Одлука)".
Предлозите беа прифатени од страна на членовите на Советот, при што за седницата беше утврден следниот:

## Д н е в е н   р е д

1. Усвојување на Записникот од 5-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 12.02.2009 година.
2. Усвојување за Завршната сметка на Советот за радиодифузија на РМ за 2008-та година.
3. Правилник за дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ.
4. Информација за Барањето одобрение за промена на сопственичката структура на Радиодифузното трговско друштво РАДИО РОСА-АБ Скопје.
5. Разно

- Информација за Барањето на ТРД ТВ Крт, ТРД ТВ Амазон и ТРД ТВ Едо за решавање на Тајм шерингот.
- Информација за потребата од изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2009-та година на Советот за радиодифузија на РМ – Пречистен текст бр.05-639/1 од 16.02.2009 година и спроведување постапка за доделување договор за јавна набавка за предметот на набавка - Активна мрежна опрема и опрема за пренос на податоци (Switch 24port Gigabit Linksys Smart with comboSFPs, FTP Cable Cat5e 305m Solid Gembird Gray, UTP Connector gold plated 30u" 8P8C (500 метри), USB Drive !GB Kingston Capless DataTaraveler (10 парчиња), UPS Hantol

1000VA w/AVR, RS232, Tel.prot. H1000, External Rack 3.5" USB 2.0 for SATA&IDE U2C-1 (2 парчиња) и Switch 48port Gigabit Linksys SRW2048 w/WebView"), со Предлог-Одлука.

- Одлука за повторување на постапката за предметот на јавна набавка – услугата систематски прегледи на вработените во Советот за радиодифузија на РМ.
- Активности на Советот за радиодифузија на РМ во врска со мониторингот на локалните и претседателски избори.
- Информација за потребата од набавување: Програма за основни средства за потребите на Секторот за економско-финансиски работи (префрлање од стари бази на нови бази и преработка на програмата за основни средства согласно новите законски измени) (со Предлог-Одлука).

**Точка 1**

Записникот од 5-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 12-ти февруари 2009 година, беше усвоен во целост како што беше предложен.

**Точка 2**

Во врска со усвојувањето на Завршната сметка на Советот за радиодифузија на РМ за 2008-та година, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се усвои предложената завршна сметка на Советот за радиодифузија на РМ за 2008-та година. Истата да се достави до Централниот регистар на РМ и Министерството за финансии - Управата за јавни приходи.

**Точка 3**

Советот за радиодифузија на РМ го разгледа Правилникот за дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ и донесе заклучок да се усвои предложениот Правилникот за дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ.  Советот го задолжи Секторот за правни работи да направи Предлог-Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст).

**Точка 4**

Во врска со Информацијата за Барањето одобрение за промена на сопственичката структура на Радиодифузното трговско друштво РАДИО РОСА-АБ Скопје, Советот за радиодифузија донесе заклучок да се усвои Барањето за промена на сопственичката структура на Радиодифузното трговско друштво РАДИО РОСА-АБ од Скопје. Советот донесе заклучок на Радиодифузното трговско друштво РАДИО РОСА-АБ од Скопје да му се издаде одобрение за промена на сопственичката структура.

**Точка 5**

Разно.

- Во врска со Информацијата за Барањето на ТРД ТВ Крт, ТРД ТВ Амазон и ТРД

ТВ Едо за решавање на Тајм шерингот. Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се усвои предложената Информација во врска со Барањето на ТРД ТВ Крт, ТРД ТВ Амазон и ТРД ТВ Едо за решавање на Тајм шерингот. Советот донесе Одлука за измена на Анексот А од Дозволата за вршење радиодифузна дејност на ТРД ТВ ЕДО, ТРД ТВ АМАЗОН и ТРД ТВ КРТ, сите од Скопје. Советот донесе Одлука ТРД ТВ ЕДО да емитува 24 часовна програма на 65-от канал од локацијата Средно Водно со насоченост на антенскиот систем во 70 и 330 степени и ERP=750W.

Советот донесе Одлука ТРД ТВ АМАЗОН и ТРД ТВ КРТ да емитуваат 12 часовна програма на 58-от канал од локацијата Раштак со насоченост на антенскиот систем во 195 степени и ERP=750W.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи на ТРД ТВ КРТ да му упати Укажување да го зголеми процентот за музичка програма, за најмалку уште 10 %. Советот го задолжи Секторот за програмски работи на ТРД ТВ АМАЗОН да му упати Укажување да го зголеми процентот за забавна програма, за најмалку уште 10 %, а најмногу за 25%.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги извести ТРД ТВ ЕДО, ТРД ТВ АМАЗОН и ТРД ТВ КРТ за донесената Одлука на Советот и да подготви Изјави, во кои ТРД ТВ ЕДО, ТРД ТВ АМАЗОН и ТРД ТВ КРТ ќе потпишат дека се согласуваат со Одлуката на Советот за радиодифузија на РМ и дека - до дигитализацијата - нема да бараат дополнителни ресурси за дополнителни фреквенции. ТРД ТВ ЕДО, ТРД ТВ АМАЗОН и ТРД ТВ КРТ да достават техничко решение во 2 примерока за новиот начин на дотур на модулација од студијата до предавателната локација. ТРД ТВ ЕДО, ТРД ТВ АМАЗОН и ТРД ТВ КРТ да достават доказ дека ги имаат подмирено обврските за плаќање на сите надоместоци кон Советот за радиодифузија на РМ и кон АЕК. ТРД ТВ ЕДО, ТРД ТВ АМАЗОН и ТРД ТВ КРТ во рок од 10 дена да ги извршат сите горенаведени активности, на кои ќе им укажат Секторите во Советот за радиодифузија на РМ. Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја извести Агенцијата за електронски комуникациите за Одлуката на Советот за радиодифузија на РМ. Советот го задолжи Секторот за технологии и информатика да достави до АЕК по една копија од техничкото решение на ТРД ТВ ЕДО, ТРД ТВ АМАЗОН и ТРД ТВ КРТ.

- Во врска со Информацијата за потребата од изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2009-та година на Советот за радиодифузија на РМ – Пречистен текст бр.05-639/1 од 16.02.2009 година, Советот донесе заклучок да се прифати Информацијата за потребата од изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2009-та година на Советот за радиодифузија на РМ – Пречистен текст бр.05-639/1 од 16.02.2009 година.

Советот донесе заклучок да се измени Годишниот план за јавни набавки во 2009-та година на Советот за радиодифузија на РМ – Пречистен текст бр.05-639/1 од 16.02.2009 година во делот Глава I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, во однос на точката 4, каде што проценетата вредност на набавката/рамковна спогодба без ДДВ, наместо 250.000,00 денари ќе биде 300.000,00 денари. Постапката за предметот за јавна набавка: Канцелариски мебел да ја спроведе Комисијата за јавни набавки чиј состав е определен во Заклучокот на Советот бр.02-564/10 од 12.02.2009 година, донесен на 5-та седница на Советот, одржана на 12.02.2009 година.

Исто така, Советот донесе заклучок да се измени Годишниот план за јавни набавки во 2009-та година на Советот за радиодифузија на РМ – Пречистен текст бр.05-639/1 од 16.02.2009 година во делот Глава I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, се додава точката 16: Активна мрежна опрема и опрема за пренос на податоци (Switch 24port Gigabit Linksys Smart with comboSFPs, FTP Cable Cat5e 305m Solid Gembird Gray, UTP Connector gold plated 30u" 8P8C (500 метри), USB Drive !GB Kingston Capless DataTaraveler (10 парчиња), UPS Hantol 1000VA w/AVR, RS232, Tel.prot. H1000, External Rack 3.5" USB 2.0 for SATA&IDE U2C-1 (2 парчиња) и Switch 48port Gigabit

Linksys SRW2048 w/WebView"). Проценетата вредност на набавката/рамковна спогодба да биде најмногу до 150.000,00 денари, без данок на додадена вредност. Советот донесе Одлука за спроведување постапка за доделување договор за јавна набавка за предметот на набавка - Активна мрежна опрема и опрема за пренос на податоци (Switch 24port Gigabit Linksys Smart with comboSFPs, FTP Cable Cat5e 305m Solid Gembird Gray, UTP Connector gold plated 30u" 8P8C (500 метри), USB Drive !GB Kingston Capless DataTaraveler (10 парчиња), UPS Hantol 1000VA w/AVR, RS232, Tel.prot. H1000, External Rack 3.5" USB 2.0 for SATA&IDE U2C-1 (2 парчиња) и Switch 48port Gigabit Linksys SRW2048 w/WebView"). Постапката за предметот за јавна набавка: Активна мрежна опрема и опрема за пренос на податоци да ја спроведе Комисијата за јавни набавки во состав: Фарук Омерагиќ, Претседател, Арбен Саити, член и Хари Митриќески - Клекачкоски, член.

- Во однос на предложената Одлука за повторување на постапката за предметот на јавна набавка – услугата систематски прегледи на вработените во Советот за радиодифузија на РМ, Советот за радиодифузија на РМ донесе Одлука за повторување на постапката за предметот на јавна набавка – услугата систематски прегледи на вработените во Советот за радиодифузија на РМ. Се формира комисија за јавни набавки за спроведување постапка за доделување договор за јавна набавка за следниот предмет на набвка - услугата систематски прегледи на вработените во Советот за радиодифузија на РМ, во состав: Томе Груевски, Претседател, Ивона Муфишева, член и Билјана М. Јовановска, член.
- Активности на Советот за радиодифузија на РМ во врска со мониторингот на локалните и претседателски избори.
- Советот ја разгледа Информацијата за потребата од набавување: Програма за основни средства за потребите на Секторот за економско-финансиски работи (префрлање од стари бази на нови бази и преработка на програмата за основни средства согласно новите законски измени) (со Предлог-Одлука) и донесе заклучок да се усвои предложената Информација, при што донесе одлука да се изврши набавка на: Програма за основни средства за потребите на Секторот за економско-финансиски работи (префрлање од стари бази на нови бази и преработка на програмата за основни средства согласно новите законски измени), од страна на извршител што ќе биде дополнително определен. Надоместокот за набавката да биде најмногу 30.000,00 денари, без данок на додадена вредност.

Бр. 02-1002/4
13.03.2009 година
С к о п ј е

Совет за радиодифузија на РМ
П р е т с е д а т е л,
Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.

Записникот го водеше,
Огнен НЕДЕЛКОВСКИ